Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 октомври 2020 година

Скопје, октомври 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 октомври 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Информација за одржаниот четиринаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје, со Предлог - заклучоци

- Спроведување на ИПА

1. Записник од  Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 октомври 2020 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 8 октомври 2020 година

2. Барање од Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните патишта – Скопје ц.о за нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје, со Предлог – одлука

3. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје

4. Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај за работењето за 2019 година, на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, со Извештај од независниот ревизор и предлог одлуки

5. Извештај за дополнителна контрола на терен за отстапување во градењето и габаритот на бесправно доградените објекти во Старата Скопска Чаршија

6. Информација за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука

7. Информација за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука

8. Информација за продажба на одземени недвижности на второ јавно наддавање, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижност (ДП 03-73/20)

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижност (ДП 03-102/19)

11. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-24/20)

12. Информација за издавање на лиценци на општински даночни инспектори

13. Предлог на завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, со Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основен буџет на Република Северна Македонија за 2019 година

14. Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги

15. Информација за спроведување на пилот-проектот „Систем за управување со електронско редење на граничните премини – eQMS“

16. Информација за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, за период до 30 септември 2020 година

17. Информација за набавка на четири нови електрични локомотиви за период до 30 септември 2020 година

18. Информација за реконструкција на железничка пруга Ногаевци - Неготино, за период до 30 септември 2020 година

19. Информација за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, за период до 30 септември 2020 година

20. Информација за добивање одобрение од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка на работи и надзор над изведбата на работите за изградба на Брана „Слупчанска Река“, со придружни објекти

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици коридор 10-НС наплатна станица Сопот КО Новачани, општина Велес, со Предлог-одлука

22. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Малка" с. Мали Влај, Општина Струга

23. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О ЕНЕРГЕТИКА, ДООЕЛ Битола

24. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (бр.44-7225/1 од 9 септември 2020 година)

25. Предлог на закон за изменување на Законот за научно-истражувачка дејност

26. Информација за спроведување на препораките од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Подобрување на условите за спортување на децата од основно и средно образование-Проект изградба на спортски сали во основните и средните училишта", со Акциски план

27. Одлука за статусна промена бр.02-1070/2 од 6 декември 2019 година, со текст на Статут на Европски Универзитет Скопје

28. Иницијатива од Благој К. Јованов адвокат од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.43/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 23/06, 127/06, 64/08, 114/09, 50/10, 83/10, 140/10, 152/10, 17/14, 112/14, 166/14, 20/15, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19)

29. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3, Дексион на КП бр.5237 место/улица „Црногорска"

30. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82561 за КО Радовиш на КП бр.2007 мв Шаин Маало, доставена од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш

31. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95827 за КО Ѓорче Петров 3 -Дексион на КП бр.10297/4 викано место/улица Ѓ. Петров

32. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7904 за КО Радовиш на КП бр.3873 мв/улица „1-ви Мај“, доставена од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш

33. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6067 за КО Радишани, КП бр.3174

34. Понуда од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 45312 за КО Битола 4

35. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1

36. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под И.бр.402, која ќе се одржи на 15 октомври 2020 година, за КО Старо Балдовци

37. Кадровски прашања

38. Прашања и предлози

39. Информација за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија, за периодот од 1 февруари 2020 до 18 септември 2020 година

40. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

41. Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година

42. Извештај за финансиско работење за период од 1 јануари до 31 март 2020 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје

43. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“- Битола, за второто тромесечје од 2020 година, од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020

44. Годишен извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година

45. Извештај за работа на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за период од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020 година

46. Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2019 година

47. Информација за напредокот на проектот Изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце" помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за период до 30 септември 2020 година

48. Информација за воведување на информациски систем за управување со енергијата - ЕМИС за период до 30 септември 2020 година

49. Информација за потребата од објавување на имињата, надоместоците и работните задачи/активности на советниците и соработниците на претседателот на Владата и членовите на Владата

50. Информација за склучување на Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19, со текст на Договор

51. Предлог на закон за дополнување на Законот за даночна постапка, по скратена постапка

52. Предлог-решение за определување на надоместок на членовите на Комисијата за оценка на пријавите на деловните субјекти

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за одржаниот четиринаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје, со Предлог заклучоци**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот четиринаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и

асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се известува Судскиот совет на Република Северна Македонија за задолжување утврдено на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје да ја усвои Стратегијата за човечки ресурси во судството по нејзиното усогласувањето со коментарите од Европската комисија најдоцна до 16 ноември 2020 година.

2. Се известува Советот на јавни обвинители за задолжување утврдено на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје да ја усвои Стратегијата за човечки ресурси во јавното обвинителство по нејзиното усогласувањето со коментарите од Европската комисија  најдоцна до 16 ноември 2020 година.

3. Се задолжува Управата за извршување на санкции да изготви информација за оперативноста и достапноста (распространетоста) на пробацискиот систем на територијата на Република Северна Македонија и за истото да ја информира Европската комисија на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 октомври 2020 година.

4. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Управата за извршување на санкции, да подготви план за преземање на итни мерки за подобрување на здравствената заштита во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови и за истото да ја информира Европската комисија на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 октомври 2020 година.

5. Се задолжува Управата за извршување на санкции, да ја информира Европската комисија на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, за плановите кои треба да се реализираат на полето на едукација и ресоцијализација на осудените лица во казнено-поправните установи и на децата кои се наоѓаат во воспитно-поправните домови, како и за спроведените обуки на вработените во казнено-поправните установи и воспитно-поправните домови, почнувајќи од ноември 2020 година.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рамки на својот буџет да ги предвиди средствата определени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и за истото да ја информира Европската комисија (на англиски јазик), преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 октомври 2020 година.

7. Се известува Јавниот радиодифузен сервис за задолжување утврдено на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и

асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје со вклучување на сите засегнати страни и релевантни институции да утврди стратешки пристап за реформа на Јавниот радиодифузен сервис и одржливо решение за реструктуирање на долгот на јавниот радиодифузен сервис и за истото да ја информира Европската комисија (на англиски јазик), преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30 октомври 2020 година.

8. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ја информира Европската комисија на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, за преземените напори за заокружување на процесот на деинституционализација на деца, најдоцна до 30 октомври 2020 година.

9. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да преземе напори за заокружување на процесот на деинституционализација на лица со посебни потреби и за остварениот напредок да ја информира Европската комисија на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до март 2021 година.

10. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да ја информира Европската комисија на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, за статусот за спроведувањето на Декларацијата од Познан најдоцна до 30 октомври 2020 година.

11. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рамки на редовните, квартални, извештаи да информира особено за преземените мерки за подобрување на интеграцијата на Роми повратници и регистрацијата на Ромите без лични документи, почнувајќи од ноември 2020 година.

12. Се известува Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за задолжување утврдено на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје да осигура дека сите мерки, вклучително и ангажирање на истражители, се спроведени со цел да се подобри функционирањето на механизмот за надворешен надзор до 30 октомври 2020 година.

13. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја финализира новата национална проценка на закани од сериозен и организиран криминал согласно циклусот на политики на ЕВРОПОЛ.

14. Се известува Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за задолжување утврдено на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 26 и 27 ноември во Скопје во постојната евиденција за организираниот криминал, да вклучат и податоци за финансиски истраги, вклучително и податоци за бројот и

обемот на спроведените финансиски истраги, најдоцна до 30 октомври 2020 година.

- **Спроведување на ИПА**

Владата го разгледа материјалот Спроведувањето на ИПА и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Македонски железници - Инфраструктура и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој итно да ги ревидираат плановите за вработување согласно потребите на ИПА структурите  и да ги пополнат упразнетите места во своите структури до крајот на 2020 година и да ги пополнат упразнетите места во структурите до крајот на првиот квартал од 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да даде согласност за вработувања согласно потребите на ИПА структурата во надлежните институции.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги пополнат упразнетите раководни позиции во ЦФЦД и во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој до крајот на 2020 година.

4. Се задолжуваат сите раководители на институции кои номинираат членови во евалуационите комисии да преземат мерки за оптимално спроведување на тендерските постапки. Евалуацијата на тендери да трае секој ден во цело работно време, до завршување на евалуацијата и потпишување на извештајот од евалуација.

5. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да ја разгледа можноста за создавање на посебен фонд преку кој би се вршела исплата на членовите на евалуационите комисии.

6. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за информатичко општество и администрација да подготват и предложат на Владата политика за задржување на кадарот во ИПА структурите до крајот на ноември 2020 година, за која Министерството за финансии ќе треба да обезбеди финансиски средства во буџетот за 2021 година.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги ревидира тендерските документи за откажаните тендери и истите да ги достави до ЦФЦД за повторно објавување, најдоцна до крајот на октомври 2020 година.

8. Се задолжува ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“ да ја поднесе ИПА апликацијата во ревидирана верзија за изградба на третата фаза од железничката делница кон Бугарија, до крајот на октомври 2020 година.

9. Се задолжува ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“ да го потпише Оперативниот договор најдоцна до крајот на октомври 2020 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги разгледа Записникот од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 октомври 2020 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 8 октомври 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 октомври 2020 година.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за отпочнување со тренинзи и натпревари во футсал, без присуство на гледачи (публика), со задолжително почитување на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од COVID-19 при одржување на тренинзи на клубовите и одигрување на футсал натпревари од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Фудбалската Федерација на Македонија.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

3. Го разгледа предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и во однос на воведување на следниве мерки:

3.1. Задолжително е носење на заштитни маски или заштитна опрема (бандана, шал или друг вид прекривка на носот и устата), секаде при престој и движење на јавни места, површини и објекти од отворен и затворен тип, на работното место и при користење/вршење јавен и приватен транспорт.

Исклучок од оваа мерка за задолжително носење на заштитни маски или опрема е:

- при спортување на отворен и затворен простор, со задолжително почитување на протоколите за заштита.
- при транспорт/патување со приватно моторно возило, ако сите лица во возилото се од едно семејство или живеат во заедница или домаќинство.
- во угостителските објекти, со задолжително почитување на протоколите за физичко растојание и дезинфекција,
- при престој во службена просторија-канцеларија ако лицето е само во просторијата и
- за децата до 6 години, односно за деца од предучилишна возраст.

3.2. Се забранува групирање во домови, на семејни прослави, слави и други собири во групи.
Во едно живеалиште, стан или куќа може да се примат најмногу четири лица.
На семеен настан може да бидат сите лица кои се со живеалиште на таа адреса и дополнително најмногу до четири други лица.

3.3. Се забранува групирање на повеќе од четири лица на јавен простор после 22:00 часот, односно се забранува групирање по паркови, јавни места и површини или на било кој друг простор од отворен тип.

Заклучи, во функција на операционализација и правно нормирање на истите, се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Секретаријатот за законодавство, во најкус можен рок да подготват соодветни изменувања и дополнувања на Законот за заштита на населението од заразни болести, во насока да се даде можност со подзаконски акт Владата да ги уредува мерките во функција на заштита на јавното здравје, спречување на внесување и ширење на заразна болест, правата и обврските на здравствените установи, правните и физичките лица, висината на глобите, како и надзорот над спроведувањето на мерките, при што да се имаат предвид одредбите од Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.107/20, 118/20 и 125/20) и да се разгледа можноста за престанување на важењето на оваа уредба при соодветно изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да подготват и во најкус можен рок до сите државни институции да достават циркуларно писмо со насоки во врска со начинот и постапките за спроведување на претстојниот процес на оценување на административните службеници.

5. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да ги разгледа можностите и да подготви и до Владата на Република Северна Македонија да достави соодветен протокол во врска со начинот и условите

на спроведување на активностите поврзани со постапката за задолжителните систематски прегледи на вработените во државните институции.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да подготви протокол за вршење на општински превоз на патници и превоз на ученици и протокол за превоз за сопствени потреби/превоз на работници.

7. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Секретаријатот за законодавство, да подготви и за наредната седница на Владата да достави нов пречистен текст на Предлог – одлука за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 2**

Владата по Барањето за нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје, со Предлог – одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о..

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот за работењето за 2019 година, на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, со Извештај од независниот ревизор и предлог одлуки заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост–Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

2. Условно го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна

Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2019 година, доколку предлагачот ја достави Одлуката за Годишниот извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2019 година, донесена од Надзорниот одбор.

**Точка 5**

Владата на предлог на заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани го одложи од разгледување Извештајот за дополнителна контрола на терен за отстапување во градењето и габаритот на бесправно доградените објекти во Старата Скопска Чаршија за наредната седница на Владата.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со нов текст на Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата заклучи Информацијата за продажба на одземени недвижности на второ јавно наддавање, со Предлог – одлука, да се разгледа на наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да подготви нова предлог-одлука за повторување на постапката за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, имајќи го предвид членот 43 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршона постапка, бидејќи рокот за закажување на продажба на одземени недвижности на второ јавно наддавање е изминат.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижност (ДП 03-73/20) и ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижност (ДП 03-102/19) и ја донесе Одлуката, со заклучок Државното правобранителство на Република Северна Македонија редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-24/20) и ја донесе Одлуката, со заклучок Државното правобранителство на Република Северна Македонија редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на лиценци на општински даночни инспектори и ја усвои со следниот заклучок

Се задолжува Министерството за финансии најдоцна до крајот на декември 2020 година да изготви и достави до Владата Предлог на закон за изменување на Законот за даноци за имот во насока на усогласување со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19), во кој соодветно ќе се уреди начинот и постапката за издавање на лиценци на општинските даночните инспектори.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Предлог на завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, со Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на Основен буџет на Република Северна Македонија за 2019 година, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Аница Иваноска Стрезовски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Трипунова, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за поштенските услуги и го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Елена Ангеловска Атанасовска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, Владата ги задолжи м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Ејуп Рустеми, директор на „Пошта на Северна Македонија" на почетокот на ноември 2020 година да започнат постапка за јавно-приватно партнерство или продажба на Пошта на Северна Македонија, со цел конечно средување на поштенскиот сообраќај во Република Северна Македонија, како и понатамошно започнување на процесот на либерализација на поштенските услуги во Република Северна Македонија.

## <u>Точка 15</u>

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на пилот-проектот „Систем за управување со електронско редење на граничните премини – eQMS" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од пет дена да достави номинација на лице за контакт кое ќе учествува во спроведување на проектот и да достави одговори на прашањата од своја надлежност до Министерството за транспорт и врски.

2. Се задолжува Министерството за финансии – Царинска управа во рок од пет дена да достави номинација на лице за контакт кое ќе учествува во спроведување на проектот и да достави одговори на прашањата од своја надлежност до Министерството за транспорт и врски.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од пет дена да достави номинација на лице за контакт кое ќе учествува во спроведување на проектот и да достави одговори на прашањата од своја надлежност до Министерството за транспорт и врски.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по добивање на сите номинации и одговори на прашањата од Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии – Царинска управа, Јавното претпријатие за државни патишта да ги проследи до претставниците од „CONNECTA" и Транспортната заедница.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, за период до 30 септември 2020 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"-Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од седум дена од завршувањето на проценките и анализите за преостанатите градежни работи од страна на надзорниот инженер, да подготват и да достават Информација до Владата, за планираниот процес за набавка за извршување на преостанатите градежни работи и избор на надзорен инженер, како и да дадат предлог за активностите кои треба да се преземат за да се обезбедат евентуално дополнителните средства, потребни за да може тендерскиот процес за преостанатите градежни работи и надзорен инженер да се реализира во целост.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на четири нови електрични локомотиви за период до 30 септември 2020 година ја усвои и притоа заклучи да престане да важи Заклучокот број 3 по Точка 6 (Прашања и предлози) од Деведесет и деветта (тематска) седница, одржана на 10 март 2017 година, Точка 18 од Акцискиот план за реализација на проектите во железничка инфраструктура и сообраќај, со кој Министерството за транспорт и врски во соработка со Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје беа задолжени да ја информираат Владата на Република Северна Македонија на секои шест месец за ова прашање се до реализација на проектот.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на железничка пруга Ногаевци - Неготино, за период до 30 септември 2020 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Јавното претпријатије за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, да ги преземе сите чекори за најбрзо реализирање на сите активности.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, за период до 30 септември 2020 година, ја усвои Информацијата и заклучи да престане да важи заклучокот број 1 по точка 6 (Прашања и предлози) од Деведесет и деветта (тематска) седница на Владата одржана на 10.3.2017 година, Точка 11 од Акцискиот план за реализација на

проектите во железничка инфраструктура и сообраќај, со кој Министерството за транспорт и врски, во соработка со Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје беа задолжени да ја информираат Владата на Република Северна Македонија на секои шест месец за ова прашање се до реализација на проектот.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за добивање одобрение од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за повеќегодишна јавна набавка на работи и надзор над изведбата на работите за изградба на Брана „Слупчанска Река", со придружни објекти и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги обезбеди потребните средства во висина од 1.342.000.000,00 денари за повеќегодишно финансирање на изградбата на Брана "Слупчанска Река", со придружни објекти, со следниот начин и динамика на плаќање:
- во 2021 година вкупно 90.000.000,00 денари,
- во 2022 година вкупно 400.000.000,00 денари,
- во 2023 година вкупно 500.000.000,00 денари,
- во 2024 година вкупно 352.000.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги обезбеди потребните средства во висина од 30.500.000,00 денари за повеќегодишно финансирање на надзор над изградбата на Брана "Слупчанска Река", со придружни објекти, со следниот начин и динамика на плаќање:
- во 2021 година вкупно 2.000.000,00 денари,
- во 2022 година вкупно 9.000.000,00 денари,
- во 2023 година вкупно 11.700.000,00 денари,
- во 2024 година вкупно 7.800.000,00 денари.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство средствата во висина од 1.372.500.000,00 денари за 2021, 2022, 2023 и 2024 година да ги прикаже во буџетските циркулари за истите години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија.

Исто така, предлагачот соодветно да ги планира средствата за оваа јавна набавка, во Буџетскиот циркулар за 2021 година, согласно усното укажување на министерот за финансии.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици коридор 10-НС наплатна станица Сопот КО Новачани, општина Велес, со Предлог-одлука (нов

текст), ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици Коридор 10-НС-наплатна станица Сопот, КО Новачани, Општина Велес, доколку предлагачот го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Малка“ с. Мали Влај, Општина Струга, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација.

**Точка 23**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија „Е.К.О енергетика“, ДООЕЛ, Битола.

**Точка 24**

Владата ја донесе  Одлуката за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (бр.44-7225/1 од 9 септември 2020 година), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на законот за изменување на Законот за научно-истражувачка дејност, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука по претходно направени консултации со други ресори и имајќи ги предвид анализите и сите аспекти да го преработи текстот на Предлогот на законот, во насока на давање на нов рок за стекнување со степен на образование доктор на науки за стручните соработници, опфатени во член 45-а од Законот, а не со пролонгирање на примената на оваа одредба.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за спроведување на препораките од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Подобрување на условите за спортување на децата од основно и средно образование-Проект изградба на спортски сали во основните и

средните училишта“, со Акциски план и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за финансии да го имплементира Акцискиот план за спроведување на препораките од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Подобрување на условите за спортување на децата од основно и средно образование-Проект изградба на спортски сали во основните и средните училишта“ со Акциски план.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Одлуката за статусна промена бр.02-1070/2 од 6 декември 2019 година, со текст на Статут на Европски Универзитет Скопје и притоа го утврди следново Мислење:

Текстот на Статутарната одлука треба да се доуреди од номотехнички аспект.

Имено, во основот за донесување на Статутарната одлука треба да се наведе: „член 94 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) и член 72 точка 6 од Статутот на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ...“.

Текстот на Статутот треба да гласи:

„СТАТУТАРНА ОДЛУКА
за изменување на Статутот на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

Член 1

Во членот 41 од Статутот на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ бр.________________,
точка 6 се менува и гласи: „Факултет за дентална медицина“.

Член 2

Оваа статутарна одлука стапува во сила по објавувањето во јавното гласило на универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од основачот, по претходно мислење од Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Иницијативата од Благој К. Јованов адвокат од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.43/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/04, 23/06, 127/06, 64/08, 114/09, 50/10, 83/10, 140/10, 152/10, 17/14, 112/14, 166/14,

20/15, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19) и притоа го утврди следното мислење

Од наводите во Иницијативата произлегува дека подносителот на истата смета дека со оспорените одредба на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај, според кои бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на општините каде што има утврден возен ред се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, а на подрачјата на две или повеќе општини каде што има утврден возен ред во рамки на меѓуопштинскиот линиски превоз се врши од страна на носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз, не било испочитувано начелото на недискриминација, со што во поповолна положба биле ставени носителите на дозвола за општински линиски превоз и меѓуопштински линиски превоз за сметка на сите останати превозници.

При тоа, подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените одредби не бил запазен интересот на учениците бидејќи со користењето на превоз од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз и меѓуопштински линиски превоз учениците се превезувале во термини кои не биле соодветни, односно редовните линии на линиските превозници не се поклопувале со термините на започнување и завршување на часовите во училиштата.

Воедно подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените одредби се оштетени општините зошто им било ограничено правото на избор на превозникот, при што се фаворизирале линиските превозници кои имаат повисоки цени од останатите превозници, кои исто така се оштетени и дискриминирани.

Оттука, подносителот на Иницијативата смета дека на овој начин бил озаконет монопол на пазарот, при што останатите превозници биле дискриминирани бидејќи не можат да дадат своја понуда, а носителите на дозволи на линиски превоз вршеле превоз со цени многу повисоки од оние кои реално би требало да ги плати општината, па директно била прекршена слободата на пазарот и претприемништвото, а линиските превозници биле ставени во монополска положба, што било спротивно на одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, Законот за спречување и заштита на дискриминација и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, подносителот на Иницијативата му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја прифати поднесената иницијатива, да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/04, 23/06, 127/06, 64/08, 114/09, 50/10, 83/10, 140/10, 152/10, 17/14, 112/14, 166/14, 20/15, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19) и истите да ги укине како спротивни на членовите 9 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, а според став 2 од овој член, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 55 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Според став 2 од овој член, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Според став 3 од овој член, Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Според став 4 од овој член, слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Според член 8 став (2) од истиот закон, индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

Согласно член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на општините каде што има утврден возен ред се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз, по цени и на начин утврдени од советите на општините и Советот на Град Скопје.

Според член 27-б од истиот закон, бесплатниот превоз на ученици утврден со Законот за основното образование и Законот за средното образование на подрачјата на две или повеќе општини каде што има утврден возен ред во рамки на меѓуопштинскиот линиски превоз се врши од страна на носителите на дозвола за меѓуопштински линиски превоз, по цени утврдени од превозниците кои не можат да бидат повисоки од цените за останатите патници.

Оттука, по однос на оспорените одредби на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај укажуваме дека со истите не се повредуваат одредбите на членовите 9 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија, со оглед дека линиските превозници за да можат да вршат општински линиски превоз или меѓуопштински линиски превоз треба да имаат лиценца за која треба да ги исполнуваат законските услови утврдени во член 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај, па секое домашно правно или физичко лице –трговец поединец доколку ги исполнува условите истата може да ја добие, со што никој не е дискриминиран и никој не е ставен во поповолна и монополска положба.

Според член 19 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај, општински линиски превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје за подрачјето на градот Скопје, а согласно членот 24 став 2 од истиот закон, меѓуопштинскиот линиски превоз на патници се врши на одредена линија по однапред одобрен возен ред и утврдена и објавена цена на превозот.

Во членот 24-а од Законот за превоз во патниот сообраќај е пропишано дека одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии врши Министерството за транспорт и врски по барање на заинтересираните превозници, при што објавува оглас на својата интернет страница и во дневниот печат еднаш во текот на годината и тоа во мај во тековната година, а постапката за одобрување на возни редови се врши по електронски пат и право да учествуваат на огласот имаат сите превозници кои имаат лиценца за меѓуопштински или меѓународен превоз на патници.

Согласно претходно цитираните одредби укажуваме дека законодавецот овозможил сите превозници кои имаат лиценца за меѓуопштински линиски превоз на патници, да се пријават на огласот за одобрување на возни редови, при што секој превозник кој има лиценца и ги исполнува законските услови за одобрување на возен ред може да добие дозвола од Министерството за транспорт и врски за вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници.

На овој начин превозниците кои ги исполнуваат законските услови во поглед на дејноста, возилата, вработените, кои имаат сертификат за професионална компетентност на лице одговорно за превоз, солидна финансиска состојба и добар углед би можеле да вршат општински или меѓуопштински линиски превоз на патници, со што би се овозможила поквалитетна услуга во однос на превозот на патниците во случајов на учениците, отколку од превозниците кои не ги исполнуваат законските услови, при што истите не се дискриминираат со оглед

дека имаат исти можности како и линиски превозници, само треба да ги исполнат условите и критериумите пропишани од законодавецот.

Оттука, со оспорените одредби ниту еден превозник не се става во поповолна или во понеповолна, дискриминирана положба, ниту се ограничува правото на избор на општината, ниту се создава монопол на пазарот со оглед дека на пазарот можат да учествуваа сите превозници кои ги исполнуваат истите законски услови.

Имајќи го предвид претходно наведеното оспорените одредби на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 23/06, 127/06, 64/08, 114/09, 50/10, 83/10, 140/10, 152/10, 17/14, 112/14, 166/14, 20/15, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19), се во согласност со член 9 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како правно неоснована.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3 Дексион на КП бр.5237 место/улица Црногорска, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата до Владата ново мислење да достави Министерството за транспорт и врски.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82561 за КО Радовиш на КП бр.2007 мв Шаин Маало, доставена од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.95827 за КО Ѓорче Петров 3 -Дексион на КП бр.10297/4 викано место/улица Ѓ.Петров и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7904 за КО Радовиш на КП бр.3873 мв/улица 1-ви Мај, доставена од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6067 за КО Радишани, КП бр.3174 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 45312 за КО Битола 4 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 35**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1, поради потребата мислење да достави Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 36**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под И.бр.402, која ќе се одржи на 15 октомври 2020 година, за КО Старо Балдовци и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 37**

1. Владата го именува Душко Арсовски за портпарол на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Наумче Мојсовски за директор на Агенцијата за млади и спорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3.Владата се информираше со поднесената оставка на Николче Тасевски од должноста претседател на Управниот одбор и извршен директор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М – НАВ).

## Точка 38

1. Владата по Барањето од Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје за изменување на Заклучок по Информацијата за индикативни услови за финансирање на ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола од ЕБОР (Европската банка за обнова и развој), усвоена на Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 октомври 2020 година (бр.44-7973/1) Точка 4, заклучи, заклучокот кој гласи:

„- Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје по завршување на формалната процедура да ја извести Владата за финалните понудени услови за финансирање.“, да се измени и да гласи:

„- Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје во соработка со Министерството за финансии да достави барање до Европската банка за обнова и развој за финансирање на проектите со заем обезбеден со државна гаранција и со барање на техничка помош за подготовка на проектите, без обврска Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да склучува Мандантно писмо.

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија ги информираше членовите на Владата во врска со активностите за влегување на Република Северна Македонија во акционерски удели на гасната станица за производство на електрична енергија во Грција и во терминалот за течен природен гас во Александрополис-Грција.

3. Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, за потребата од истовремено изменување на Законот за контрола на државна помош, Законот за даночна постапка и Законот за управата за јавни приходи, односно подготовка на системско решение за спроведување на договорите за државна помош (согласно известувањето од Управата за јавни приходи за Договорот за државна помош на Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје), заклучи во работната група да се вклучат и претставници на Министерството за економија во утврдувањето на насоките за решавање на ова прашање.

4. Владата донесе Решение за изменување на Решението за именување претседател на македонскиот дел на Меѓувладината македонско-руска комисија за трговско-економска и научно- техничка соработка меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерација со кое наместо Трајан Димковски, претседател да биде Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република

Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 5 октомври 2020 година до 11 октомври 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

6. Владата по повод Иницијативата од Благој К. Јованов адвокат од Кочани, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.43/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 22-б и 27-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 23/06, 127/06, 64/08, 114/09, 50/10, 83/10, 140/10, 152/10, 17/14, 112/14, 166/14, 20/15, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19) го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај во насока на надминување на проблемот со линискиот превоз на учениците во основно и средно образование.

7. По повод укажувањата на Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со прашањето за примена на Законот за употреба на јазиците во делот на двојазично подготвување на законите од страна на ресорните министерства и нивно понатамошно доставување во владина и собраниска постапка, Владата го донесе следниот заклучок:

- Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, во соработка со Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет во Скопје да подготват и до Владата да доставaт соодветен предлог за решавање на ова прашање.

Истовремено, Владата ги задолжи сите министерства при подготвувањето на предлог - законите и нивно доставување во владина постапка истите да ги подготвуваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и неговото писмо.

8. Во врска со донесеното Решение на Владата на Република Македонија дов. бр. 31/1 од 2 мај 2018 година, со кое е назначен координатор и членови на Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања од Република Северна Македонија, Владата заклучи да се измени Решението и наместо Дарко Стојанов, член да биде Огнен Вангелов.

За ова, Министерството за надворешни работи да подготви соодветно решение, кое да се смета за донесено на оваа седница на Владата.

9. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.44-8919/1 од 27 септември 2020 година.

10. Владата донесе Решение за именување претседател на македонскиот дел на Мешовитата комисија за следење на спроведувањето на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина ."

11. Владата донесе Решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија, за периодот од 1 февруари 2020 до 18 септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, надлежните органи на Друштвото да преземаат мерки за наплата на побарувањата.

**Точка 41**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за

период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за намалување на непродуктивните расходи во вкупниот износ на трошоци на претпријатието, како и извештаите за работењето на претпријатието да бидат доставувани до Владата навремено, односно по завршување на соодветното тримесечје.

**<u>Точка 42</u>**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење за период од 1 јануари до 31 март 2020 година на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје , како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид укажувањата од Министерството за финансии дека постои неусогласеност во податоците, како и да се доставуваат тримесечните извештаи навремено.

**<u>Точка 43</u>**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево”- Битола, за второто тромесечје од 2020 година, од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува да се преземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплатата на побарувањата, како и за реализација на предвидените активности.

**<u>Точка 44</u>**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**<u>Точка 45</u>**

Владата го разгледа Извештајот за работа на директорот на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за период од 1 јануари 2020 до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот на проектот Изградба на железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија, за период до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на информациски систем за управување со енергијата-ЕМИС за период до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од објавување на имињата, надоместоците и работните задачи/активности на советниците и соработниците на претседателот на Владата и членовите на Владата и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и кабинетите на министрите во Владата на Република Северна Македонија да ги испратат во електронска или пишана форма до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од 10 дена, имињата, надоместоците и работните задачи/активности на посебните советници, личните советници и надворешните соработници на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и министрите ангажирани согласно позитивните прописи на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, добиените податоци од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и кабинетите на министрите во Владата на Република Северна Македонија, јавно да ги објави, согласно првата препорака од Извештајот од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна

Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19, со текст на Договор и условно ја усвои, поради потребата Бирото за јавни набавки претходно да достави писмено мислење со кое ќе се појасни дека постапката не се спроведува согласно Законот за јавни набавки и во истото да предложи начин на кој да се реализира договорот за набавка, со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19.

2. Се овластува министерот за здравство, д-р Венко Филипче, да го потпише Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка) со Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19.

3. Се задолжува Министерството за здравство во соработка, со Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди финансиски средства, да изврши уплата на аванс и да обезбеди финансиска гаранција согласно потпишаниот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка) со Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19.

## Точка 51

Владата го разгледа Предлогот на законот за дополнување на Законот за даночна постапка, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во текстот на Предлогот на законот да се измени одредбата од член 2 во насока мерката да важи до крајот на март 2021 година.

2. Пречистениот текст на Предлогот на законот за дополнување на Законот за даночна постапка, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 52**

Владата го разгледа Предлог-решението за определување на надоместок на членовите на Комисијата за оценка на пријавите на деловните субјекти и го донесе Решението со следните заклучоци:

1. На членовите на Комисијата за секое разгледано барање да им следи надоместок во износ од 350 денари, без надоместок за одржан состанок.

2. Предлагачот да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев